Граѓанското општество и Собранието – градење партнерства што прават разлика

## ПОВИК ДО ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Во 2009 година Националниот демократски институт за меѓународни работи (НДИ) – Македонија започна програма за поддршка на законодавни иницијативи од граѓански организации во Република Македонија.

По повеќегодишно успешно спроведување, Институтот со средства од УСАИД сака да ја прошири програмата со вклучување на нова генерација граѓански организации. Охрабруваме апликации од сите области, но приоритет при селекцијата би имале иницијативи поврзани со **интеграцијата на Македонија во ЕУ**, вклучувајќи области како **демократски развој, човекови права, слобода на изразување, еднакви можности и вклученост, социјална политика, образование, млади** и **животна средина**.

Една од главните цели на овој проект е зајакнување на веќе постоечките капацитети на граѓанските организации во областите на законодавно застапување и лобирање, мониторинг на јавни политики, како и помагање во изградбата на коалиции помеѓу невладиниот сектор и пратениците.

Оваа програма ќе:

- ги поддржи организациите во подобрувањето на нивните легислативни вештини и знаења заради зголемен граѓански придонес во законодавниот процес и посуштински надзор врз спроведувањето јавни политики;
- ја унапредува тематската соработка помеѓу граѓанските организации и пратениците во Собранието на Република Македонија, комисиите и пратеничките групи; и
- им помага на граѓанските организации во градењето коалиции и во ефикасна комуникација со јавноста за нивните иницијативи, цели и напори.

Програмата ќе започне со реализација во септември 2016 год. и ќе биде со траење од две години. НДИ ќе обезбеди стручна, материјална и техничка поддршка за избраните организации.

Граѓанските организации заинтересирани за учество во оваа програма треба да испратат **мотивациско писмо** (писмо на намери) **најдоцна до петок, 19 август 2016 год**, во кое ќе ја опишат својата организација и нејзините активности, но и ќе дадат кусо објаснување за нацрт-предлогот за законодавна иницијатива што сакаат да ја спроведат. Покрај ова, апликацијата треба да содржи и **кратко портфолио** за нивната работа (листа на претходно реализирани проекти) со објаснување за поврзаноста помеѓу досегашните активности и предложената иницијатива.

**Апликациите треба да се испратат по електронски пат на:** ndimacedonia@ndi.org – апликации по пошта нема да бидат земени предвид.

За дополнителни информации јавете се во НДИ на 02/3131-177, или пишете кај Филип на fchaparoski@ndi.org или Слаѓана на spanovska@ndi.org. Организациите кои ќе бидат селектирани во првиот круг ќе бидат повикани на интервју.